# Policy Brief

**Проект: „Креирање на поволен деловен амбиент и обезбедување на подобра системска поддршка на претпријатијата во сопственост на жени"**

# Каде се жените во женското претприемништво?

**Јули, 2018**

**Документ за политики**

- Резиме
- Вовед
- Пристап и резултати
- Заклучоци
- Импликации и препораки

## Резиме



Иако во сите денешни светски документи се зборува за еднакви можности за мажите и жените, сеуште постои родова неизбалансираност кон жените, особено во областа на можностите за започнување на свој бизнис. Врз основа на податоците и направените анализи се покажа дека жените претприемачки сеуште ја немаат потребната поддршка од институциите и сите други засегнати чинители за започнување на свој сопствен бизнис или пак во текот на водење на бизнисот. Жените сеуште се соочуваат со бројни предизвици и пречки кои им го отежнуваат патот за водење на свој бизнис. Жените во многу мала мера се запознаени дека можат да бидат креатори на политики, кои ќе придонесат за зајакнат статус во средината во која делуваат.

Вклучени учесници во обуки / работни групи:

| Општина/Пол | Ж | М |
|---|---|---|
| Ѓорче Петров | 45 | 4 |
| Велес | 52 | 7 |
| Куманово | 31 | 6 |
| Кичево | 46 | 2 |
| Битола | 51 | 5 |
| Вкупно: | 225 | 24 |

## Вовед

Поттикнати од овој проблем Здружението на бизнис жени го спроведе проектот „Креирање на поволен деловен амбиент и обезбедување на подобра системска поддршка на претпријатијата во сопственост на жени" како субгрантист од проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20" - проект финансиран од Европската Унија преку програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2015, имплементиран од страна на Фондација за Претприемачки Сервис за Млади (координатор), Фондација за Менаџмент и индустриско истражување и и Здружение за рурален развој „Јавор". Активностите се реализираа од 1 февруари до 31 јули 2018 година. Проектот се спроведуваше воочи усвојување на Стратегијата за развој на ЖП во РМ 2018-2022, која Здружението на бизнис жени ја иницираше и изготви во изминатите 2016-2017.



# Пристап и активности

Во рамки на проектот, кој се спроведуваше во пет пилот-општини: **Ѓорче Петров** од Скопје, **Битола, Куманово, Велес и Кичево**, се спроведоа низа на активности во соработка со самите општини. Пред почеток на активностите, во координација со вклучените општини беа изготвени меморандуми за соработка, помеѓу општините и Здружението на бизнис жени.

Проектот започна со **обуки за родова сензитивнот во буџетирање, политики и претприемништво**, која се одржа во сите пет града. На обуките присуствуваа претставници од општините, Центрите за вработување, локални граѓански организации и други релевантни стејкхолдери.











Потоа следеа пет основачки состаноци со меѓуресорни работни групи каде се дискутираше за поддршката и меѓуинституционалнта соработка за поддршка на ЖП.











Како дел од активностите на проектот се одржаа и работни средби и со локалните жени претприемачки.











Целта на работните средби беше да се дојде до информации за состојбата на локалните жени претприемачки и да се дискутира за препреките со кои тие се соочуваат.

# Резултати

Резултатите од спроведените активности покажуваат дека главните проблеми со кои се соочуваат жените се однесуваат на постоењето на стереотипите дека жената може да биде претприемач и да преземе деловен потфат. Во однос на општините се забележува нивен напредок во однос на преземање на првични чекори за поддршка на ЖП и реализирањето на активности во однос на родовото буџетирање во рамки на Комисиите за еднакви можности, но сепак треба уште многу да се направи за јакнење на ЖП. Како голем проблем се јавува и постоењето на огромна бројка на сива економија, односно жените често се одлучуваат да работата на црно и поради стравот од загубата на социјалната помош, доколку истата ја добиваат.

# Заклучоци

Од сите спроведени активности се донесоа повеќе заклучоци на кои треба да се работи во иднина со меѓусебна координација на сите засегнати страни.

1. Голем проблем во сите пет пилот-општини од проектот е постоењето на сива економија и огромниот број на лица кои работат „на црно". Постои многу голема нелојална конкуренција, а сеуште не се преземени конкретни активности за решавање на овој проблем.

2. Поголем дел од жените сеуште се соочуваат со предрасуди и родови стереотипи дека бизнисот е машка работа и заради овие причини жената не ја добива потребната поддршка, како од семејството, така и од околината. Сите овие околности придонесуваат и жените да не можат да воспостават баланс помеѓу семејството и професионалниот живот.

3. Жените претприемачи немаат доволно информации од институциите и организациите, за поддршката која ја нудат за женско претприемништво. Тука би требало да има поголема вклученост на самата општина, која би ги информирала жените за сите иницијативи што се преземаат во однос на женско претприемништво.

4. Според дискусиите водени на состаноците жените претприемачки поседуваат многу малку или воопшто не поседуваат имот на свое име и тоа им претставува пречка за пристап до финансии - кредити и позајмици за развој на својот бизнис.

5. Во однос на Центрите за вработување во сите 5 општини, може да се каже дека Центарот за вработување функционира на добро ниво и дека им овозможува на жените обуки за странски јазици, компјутери, претприемништво и подготовка на бизнис планови. Исто така генерално постои и воспоставена соработка помеѓу општината, центрите за вработување и центрите за социјална работа.



**„ Покрај сите стереотипи и предрасуди, при тоа ограничени во пристапот до информации и финансии, жените лесно се откажуваат од идејата за претприемништво"**



# Импликации и препораки

1. Да се изготви ажурирана **база на податоци на жени претприемачки** за да можат жените да бидат информирани за сите активности поврзани со ЖП, како и да постои статистичко следење за претприемничката активност на жените, за да се добие вистинската слика за ЖП.

2. Да се обезбеди квалитетен **пристап до информации** за започнувањето и водењето на бизнис со кои жените ќе бидат запознаени за сите аспекти за започнувањето на деловен потфат.

3. Да се воспостави координација и **соработка со сите засегнати чинители и граѓанските организации**, за да се зголеми придонесот за развојот на ЖП, со целосна меѓусекторска поврзаност за подобра координација на политиките и мерките, важни за ЖП.

4. Да се зголеми бројот на **градинки и домови за стари лица**, или капацитетот на постоечките, за жените, кои сакаат да започнат свој бизнис, да имаат олеснување при пристап до програми за едукација и настани за вмрежување.

5. Да се олесни пристапот до **финансии**, со користење на алтернативни облици, како и да се развијат нови форми на финансирање и користење на грантовите од ЕУ фондови и сл.

6. Да се продолжи со **промоција за ЖП** преку разни програми, проекти и кампањи, за да се надминат родовите стереотипи и традиционалните ставови.

7. Да се поттикнуваат жените претприемачки кон **иновации и иновативно работење**, со што ќе ги зајакнат и развијат своите бизниси.

8. Да се нагласи важноста од **вмрежување**, преку соработка и поврзување во здруженија, хабови и акселератори, клубови, платформи, кластери и организирано дејствување за извоз.

**Здружението на бизнис жени** (ЗБЖ/ABW), со седиште во Скопје, претставува специфичен и компетентен партнер во дијалогот на државниот, невладиниот и приватниот сектор, е имплементатор на проектот ***,,Креирање на поволен деловен амбиент и обезбедување подобра системска поддршка на претпријатија во сопственост на жени"***, финансиран од Европската Унија.

Здружението на бизнис жени е официјално основано во јули 2010 година како невладина организација, која активно работи на унапредување и зајакнување на женското претприемништво во земјата и во регионот. Женското претприемништво, како посебна гранка за економски развој во приватниот сектор, како и во државните институции и здруженија, не е доволно препознатливо. Здружението на бизнис жени со текот на времето, преку многу активности придонесува женското претприемништво да биде признаено како посебен ентитет за зајакнување на економијата во земјата. Како краен резултат на признавањето и промовирањето на активностите на здружението е националната Стратегијата за женско претприемништво во Република Македонија изработена во соработка со Министерството за економија на Република Македонија. Здружението на бизнис жени активно работи на подобрување на условите за жените во бизнисот и со тоа станува препознатлив ентитет и сега веќе има повеќе од 300 члена, жени претприемачки.

Здружението активно работи на:

- зголемување на бројот на жени претприемачи, помагање на жените претприемачи да ја зголемат нивната видливост, поттикнување на растот на нивниот бизнис, организирање форуми и разни бизнис средби за размена на идеи и развој на нови деловни контакти.
- влијанието врз развојната политика на МСП (мали и средни претпријатија), зајакнување на врските помеѓу жените претприемачи на локално, регионално и меѓународно ниво, преку размена на искуства и идеи.
- промовирање на општествената одговорност и високите стандарди на бизнисот.


**Здружение на бизнис жени**

ул. Никола Парапунов бр. 41; 1000 Скопје, Македонија

02 / 3140-703; 070 / 353-835

info@abw.mk ; www.abw.mk

https://www.facebook.com/AssociationofBusinessWomenMacedonia/

http://linkedin.com/company/associationofbusinesswomenmacedonia



Проектот е финансиран од Европската унија.

ЕУ за ТЕБЕ!

Проектот е имплементиран од:

Здружение на БИЗНИС ЖЕНИ